РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АДМИНИСТРАЦИЈА

# Билтен на месечни активности за месец септември 2022

Октомври, 2022

Содржина

Постапки за селекција на кандидати за вработување и унапредување на административни службеници ..... 1
Испит за административно управување ..... 2
Постапување по жалби и приговори на административните службеници во втор степен ..... 3
Соработка со други институции и меѓународна соработка ..... 4
Комуникација со корисници на услуги преку електронска контакт адреса ..... 4
Јавни набавки ..... 5
Реализација на буџет ..... 6

# Постапки за селекција на кандидати за вработување и унапредување на административни службеници

Во Агенцијата за администрација во месец септември 2022 година примени се 59 барања за објавување на јавен оглас за вработување на административни службеници, запрени се 2 барања, објавени се 66 огласи, за вкупно 120 работни места за вкупно 181 извршители. За институциите од централната власт објавени се 49 јавни огласи за 100 работни места со 161 извршители, додека за институции од локалната власт објавени се 17 јавни огласи за 20 работни места со 20 извршители.

<table>
<tr><th>Примени барања</th><th>Запрени барања</th><th>Објавени огласи</th><th>Вкупно</th><th colspan="5">Институции од централната власт</th><th colspan="5">Институции од локалната власт</th></tr>
<tr><td rowspan="2">59</td><td rowspan="2">2</td><td rowspan="2">66</td><td rowspan="2"></td><td>број на огласи</td><td colspan="4">категории на работни места</td><td>број на огласи</td><td colspan="4">категории на работни места</td></tr>
<tr><td>49</td><td>раководни</td><td>стручни</td><td>помошно-стручни</td><td>Вкупно</td><td>17</td><td>раководни</td><td>стручни</td><td>помошно-стручни</td><td>Вкупно</td></tr>
<tr><td colspan="3">Работни места</td><td>120</td><td rowspan="3"></td><td>12</td><td>66</td><td>22</td><td>100</td><td rowspan="3"></td><td>1</td><td>8</td><td>11</td><td>20</td></tr>
<tr><td colspan="3">Извршители</td><td>181</td><td>12</td><td>127</td><td>22</td><td>161</td><td>1</td><td>8</td><td>11</td><td>20</td></tr>
<tr><td colspan="3">Број на пријавени кандидати</td><td>1652</td><td>95</td><td>1171</td><td>254</td><td>1520</td><td>8</td><td>57</td><td>67</td><td>132</td></tr>
<tr><td colspan="3">Завршиле со објавување на Одлука за избор</td><td>42</td><td>29</td><td>3</td><td>28</td><td>55</td><td>86</td><td>13</td><td>4</td><td>14</td><td>3</td><td>21</td></tr>
</table>

*Табела 1. Јавни огласи септември 2022*

Во истиот период септември 2022 година спроведени се 87 административни селекции за пријавени 1981 кандидати, спроведени се 52 испити на кои што се поканети 319 кандидати, од кои полагале 117 кандидати, проверки на веродостојност на докази и интервју се спроведени на 43 огласи за 185 кандидати. Интервју е спроведено на 43 огласи со вкупно 111 кандидати. Изработени се конечни ранг листи за 43 огласи и предлог за избор на 109 кандидати, а од 42 спроведени огласи објавени се вкупно 107 одлуки за избор на кандидати за вработување.

<table>
<tr><th colspan="2">Административни селекции</th><th colspan="3">Спроведени Испити</th><th colspan="2">Спроведени проверки на веродостојност на докази</th><th colspan="2">Интервјуа</th><th colspan="2">Конечни ранг листи</th><th colspan="2">Примени и објавени Одлуки за избор</th></tr>
<tr><td rowspan="2">огласи</td><td rowspan="2">кандидати</td><td rowspan="2">огласи</td><td colspan="2">кандидати</td><td rowspan="2">огласи</td><td rowspan="2">кандидати</td><td rowspan="2">огласи</td><td rowspan="2">кандидати</td><td rowspan="2">огласи</td><td rowspan="2">кандидати</td><td rowspan="2">огласи</td><td rowspan="2">кандидати</td></tr>
<tr><td>поканети</td><td>полагале</td></tr>
<tr><td>87</td><td>1981</td><td>52</td><td>319</td><td>117</td><td>43</td><td>185</td><td>43</td><td>111</td><td>43</td><td>109</td><td>42</td><td>107</td></tr>
</table>

*Табела 2. Спроведени активности по огласи септември 2022*

Во Агенцијата за администрација во месец септември 2022 година примени се 19 барања за објавување на интерен оглас за унапредување на административни службеници, објавени се 19 огласи, за вкупно 33 работни места за 33 извршители. За институциите од централната власт објавени се 9 интерни огласи за 23 работни места со 23 извршители, додека за институциите од локалната власт објавени се 10 интерни огласи за 10 работни места со 10 извршители.

| Примени барања | Запрени барања | Објавени огласи | **Вкупно** | **Институции од централната власт** | | | | | **Институции од локалната власт** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | број на огласи | категории на работни места | | | | број на огласи | категории на работни места | | | |
| | | | | | раководни | стручни | помошно-стручни | Вкупно | | раководни | стручни | помошно-стручни | Вкупно |
| 19 | / | 19 | | 9 | | | | | 10 | | | | |
| Работни места | | | 33 | | 9 | 14 | / | 23 | | 3 | 7 | 3 | 10 |
| Извршители | | | 33 | | 9 | 14 | / | 23 | | 3 | 7 | 3 | 10 |

*Табела 3. Интерни огласи септември 2022*

## Испит за административно управување

Во текот на месец септември 2022 година спроведени се 8 испити за административно управување на кои се пријавиле 75 кандидати. Од нив на испитот се појавија 49 кандидати од кои испитот го положиле 47 кандидати (96%), а не го положиле 2 кандидати. Од кандидатите кои што се пријавени 52 се вработени во јавен сектор, 7 во приватен и 16 се невработени.

| Спроведени испити | Пријавени кандидати | Присутни на испит | Положиле | Неположиле | Јавен сектор | Приватен сектор | Невработен |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 8 | 75 | 49 | 47 | 2 | 52 | 7 | 16 |

*Табела 4. Административно управување септември 2022*

## Постапување по жалби и приговори на административните службеници во втор степен

До Комисијата за одлучување по жалби и приговори на административните службеници во втор степен во текот на месец септември 2022 година, беа поднесени **34** жалби и приговори на административните службеници, од кои **32** жалби и приговори на државните службеници и **2** жалби на јавните службеници.

Во месец септември во просториите на Агенцијата за администрација беа одржани **8** седници, на кои беше одлучено по **39** жалби и приговори, од кои **34** жалби и приговори на државните службеници и **5** на јавни службеници. Поради барање на дополнителни податоци и одредени списи, **12** предмети, од септември преминуваат во октомври 2022 година.

Од вкупниот број на одлучени жалби и приговори на државните службеници (вкупно **34**): **17** се одбиени, уважени се **4**, мериторно уважени **2**, ненадлежни **2** и **9** се отфрлени.

Од вкупниот број на јавните службеници (вкупно **5** ): одбиени се **2,** уважени **1** ненадлежни **2.**

| Број на примени жалби и приговори | | Број на обработени жалби и приговори државни (Д) и јавни службеници (Ј) | | Уважени | | Одбиени | | Отфрлени како недозволе ни | | Отстапени на друг орган | | Повлечени од подносител | | Не надлежно ст | | Мериторно уважени | | Мериторно одбиени | | Запрена постапка | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј |
| 32 | 2 | 34 | 5 | 4 | 1 | 17 | 2 | 9 | / | / | / | / | / | 2 | 2 | 2 | / | / | / | / | / |

*Табела 5. Обработени жалби во септември 2022*

## Соработка со други институции и меѓународна соработка

Агенцијата за администрација во текот на месец септември 2022 година оствари соработка со институциите во јавниот сектор за што има обработено 20 предмети од кои 3 се однесуваа на тековното работење на Агенцијата за администрација, а останатите 17 предмети се поврзани со надлежностите на Агенцијата, а се доставени од државни институции, судови, граѓани и други, и тоа: Уставен суд (1); Управен суд (6); Виш управен суд (1); Државно правобранителство на Република Северна Македонија (4); Народен правобранител (1); Комисија за спречување и заштита од дискриминација (1); Државен управен инспекторат (1); ЈОУ Дом за стари лица Зафир Сајто Куманово (1) и Граѓани (1).

Во текот на месец септември 2022 година, вработени од Агенцијата присуствуваа на:

- Присуство на Состанок за објаснувачки скрининг за областа: Реформа на јавната администрација и Поглавје 32, реализирана во Кралство Белгија-Брисел, на 19.09.2022 година, по покана од Влада на Република Северна Македонија-Секретаријат за европски прашања;

- Присуство на конференција на тема: „Подобрување на системот за слободен пристап на информации од јавен карактер“, реализирана на 23.09.2022 година, во х.Панорамика-Скопје, по покана од Центар за управување со кризи;

- Присуство на работилница на тема: „Застапување на имплементација на законодавството за укажувачи во Македонија“, реализирана на 07.09.2022 година, во х.Александар Палас, по покана од Transparency international-Macedonia.

## Комуникација со корисници на услуги преку електронска контакт адреса

На службената контакт е-маил адреса на Агенцијата пристигнати се вкупно 46 е-маил пораки во форма на прашања од заинтересирани граѓани, од кои одговорени се 16 електронски пораки, неодговорени 4, а за 26 електронски пораки е постапено согласно дадени насоки од надлежното раководно лице.

# Јавни набавки

Во текот на месец септември 2022 година, донесена е 1 Одлука за јавна набавка, објавен е 1 оглас на ЕСЈН, донесена е 1 Одлука за избор.

| Број на донесени Одлуки за јавни набавки | Објавени огласи на ЕСЈН | Број на донесени Одлуки за избор | Број на склучени договори |
|---|---|---|---|
| 1 | 1 | 1 | / |

*Табела 6. Јавни набавки септември 2022*

# Реализација на буџет

Во месец септември 2022 година реализацијата на буџетот е прикажана во следната табела:

| Ставка | Буџет 2022 година | Реализација на буџетот до 30.09.2022 | Реализација на буџетот од 01.09.2022 – 30.09.2022 | Преостанат буџет на располагање до 31.12.2022 |
|---|---|---|---|---|
| **401- основни плати** | 22.980.000,00 | 16.575.278,00 | 1.784.290,00 | 6.404.722,00 |
| **402-придонеси за социјално осигурување** | 8.880.000,00 | 6.449.895,00 | 693.872,00 | 2.430.105,00 |
| **420-патни и дневни расходи** | 75.000,00 | 58.264,00 | 27.192,00 | 16.736,00 |
| **421-комунални услуги, греење, комуникација и транспорт** | 3.600.000,00 | 2.839.949,00 | 79.888,00 | 760.051,00 |
| **423-материјали и ситен инвентар** | 450.000,00 | 283.031,00 | 85.346,00 | 166.969,00 |
| **424-поправки и тековно одржување** | 1.865.000,00 | 1.015.582,00 | 135.507,00 | 849.418,00 |
| **425-договорни услуги** | 1.262.000,00 | 400.533,00 | 17.168,00 | 861.467,00 |
| **426-други тековни расходи** | 400.000,00 | 181.959,00 | 708,00 | 218.041,00 |
| **464-разни трансфери** | 364.000,00 | 362.996,00 | 63.738,00 | 1.004,00 |
| **480-купување на опрема и машини** | 800.000,00 | 549.620,00 | 0 | 250.380,00 |
| **485-вложување и нефинансиски средства** | 2.800.000,00 | 995.031,00 | 0 | 1.804.969,00 |
| ВКУПНО | **43.476.000,00** | **29.712.138,00** | **2.887.709,00** | **13.763.862,00** |

*Табела 6. Реализацијата на буџетот на Агенцијата*